ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 3/2024



# УВОДНИ СТИХОВИ

*Сабота, 6 јули 2024*

## 1. Моето срце е свртено кон Тебе

1. Еден поет ги напишал следниве зборови:

Моето срце е свртено кон Тебе, Боже мој!
Во Тебе е сета моја надеж и спокој.
Твоите вистини ќе му ги објавам на секој
Твојата љубов да го освои светот.

Колку пати сме прочитале, слушнале или кажале слични зборови – зборови кои одекнуваат со надеж и вера. Но дали е исто кога ќе дојде време на неволји и проблеми. Дали тогаш нашата вера е силна? Дали нашите зборови тогаш изразуваат надеж? Дали тие зрачат со вера?

Да се сетиме на еден настан од Библијата во кој еден човек сакал нему да му се поклонуваат сите. Да, тоа е Аман. Барал секогаш да биде во центарот на вниманието. На крајот на краиштата, тој бил највисокиот функционер во Персија, втор само по самиот царот Ксеркс.

Но Мардокеј не сакал да му се поклони нему, кога тој минува покрај него. Затоа горделивото срце на Аман се исполнило и со гнев. Кога дознал дека Мардохеј е Евреин, решил да се одмазди, но не само на него, туку и на целиот негов народ. Тој планирал масовно истребување, а за погубувањето на Мардохеј изградил посебна платформа. Меѓутоа, Естира, роднина и посвоена ќерка на Мардохеј, станала царица, па таа смело се појавила пред царот Ксеркс и го известила за она што го чека нејзиниот народ.

Каква пресвртница, Аман ќе го загуби животот на бесилката што ја подигнал за Мардохеја. Овој настан е подробно запишан во Книгата на Естира.

Луѓето постојано копаат јами за Божјиот народ (стих 6), но честопати самите паѓаат во нив. Можеби ќе коваат завера против праведниците, но злото што го планирале на крајот ќе падне врз нив (Мудри изреки 26,27). Понекогаш можеби го забележуваме тоа и во нашиот живот. Затоа не треба да се грижиме околу тоа

дека нема правда во овој живот.

Како да се справиме? Како и нашиот Спасител. Ние треба се трудиме да го победиме злото со добро, а така ни заповедта Господ (Римјаните 12,17-21).

Затоа, да бидеме спремни да ја изразиме нашата вера и надеж дури и во неволји како поетот чии зборови повторно ќе ги прочитаме:

Моето срце е свртено кон Тебе, Боже мој!

Во Тебе е сета моја надеж и спокој.

Твоите вистини ќе му ги објавам на секој

Твојата љубов да го освои светот.

*Сабота, 13 јули 2024*

## 2. Со Божја помош

Кога Давид конечно седна на тронот, пред себе имал многу тешка и сериозна работа. Непријателите од сите страни освојувале делови од територијата на Израел. Саул се обидел да се бори со Филистејците на запад, но бил преокупиран со Давид. Саул, всушност, нешто подоцна ќе биде убиен во битка со Филистејците. Во меѓувреме, Израелците биле изложени на нападите на Моавците, Аморејците и Едомците. Кога се качил на престолот, Давид брзо ги собрал своите сили и тргнал против непријателите на Израел, постигнувајќи победи на сите страни.

Дали Давид бил особено надарен воен водач? Можеби. Сепак, тој имал една тајна што ја открива во 60-тиот Псалм (прочитајте го Псалм 60 пред црквата ако мислите дека е потребно). Кога Израел постапувал според Божјата волја, сè се одвивало како што треба, но кога луѓето се оддалечувале од Бога, условите се влошувале. Овој псалм претставува популарно признание. Се чини дека зборува за неволјите што ја снашле земјата за време на неговото владеење, кога ја презирал и ја отфрлил Божјата волја. Сега војска-

та повторно победувала. Очигледно е дека Бог повторно им помагал.

Последниот стих од овој псалм е истовремено и заклучок на песната-молитва за Божја помош и сила:

„Со Божја помош ќе се бориме храбро, а Тој ќе ги згази нашите непријатели.“

Сепак, бидете внимателни кога размислувате за тоа. Среќата не значи дека секогаш живеете правилно, ниту пак несреќата значи дека не сте во право. Тоа го потврдуваат и други делови од Библијата како што се Книгата Јов и многу други псалми.

Можеби ќе мора да поминеме трнлив пат во животот, и покрај тоа што сме застанале на Божја страна. Но, мора да знаеме дека, впрочем, страдаме поради гревот и дека чесното живеење според Божјите заповеди ќе ни донесе благослови, иако можеби нема да уживаме во тие благослови пред да настапи вечноста.

Бог нека ни помогне и нека ни ја даде својата сила во сите неволји низ кои поминуваме во секојдневниот живот.

*Сабота, 20 јули 2024*

**3. Не трчај по суетата**

Додека ги читаме страниците на Книгата Проповедник, се чини дека ги слушаме воздишките на писателот кој себеси се нарекува „Проповедник“. Имал сè: пари, успех, мудрост и слава. Но, тој сè уште не бил целосно задоволен. Сето тоа испаднало безначајно и празно, и сфатил дека „трча по суетата“ (Проповедник 12,11).

Зборовите на кои им претходи изразот „суета“ или „мачење на духот“ (мечтаење) на еврејски значат и „здив“. Сите наши потфати на оваа земја се како „здив“.

Овој збор ќе го најдеме и во Псалм 62,9 со исто основно значење. Луѓето постојано се интересираат кој е богат а кој сиромав,

кој славен а кој обичен човек. Меѓутоа, од Божја перспектива, човекот е само „здив“ (ништо). Сето негово богатство, слава и моќ не додаваат ништо на неговата лична вредност во вечна смисла. Наместо тоа, Бог очекува од нас да се надеваме во Него (стих 8) и да живееме според неговата волја (стих 11).

Не вложувајте во „здив“ (во ништо), наместо тоа „Надевајте се во Него сите луѓе во секое време; отворете го срцето ваше пред Него: Бог е нашето прибежиште“ (Псалм 62,8) и ќе жнеете вечна награда со неизмерна вредност.

Често во работните денови несвесно го вложуваме нашиот труд, нашата сила и сето она што сме во „ништо“.

Времето што денеска ќе го поминеме заедно во славењето на нашиот Господ е влог во вечноста. Затоа, да Го славиме со сето свое срце, со сета наша душа и со сиот наш ум.

*Сабота, 27 јули 2024*

**4. Дојдете и чујте**

Штотуку дошла кај бунарот да земе вода и сретнала Еден Човек кој направил пресвртница во нејзиниот животот. Тој ѝ зборувал за тоа дека ќе ѝ даде „жива вода“ и дека е целосно свесен за нејзиниот живот во кој имала пет сопрузи, но тоа не го спречило да разговара со неа. Тој зборувал дека треба му се поклонува на Бога во дух и вистина, а не само поради површно и обично извршување обреди. Тој ѝ зборувал за живиот Бог, и сакал таа Него да го запознае. Тој несомнено бил пророк, но дали може да биде Ветениот?, се прашувала.

Начинот на кој Исус ѝ зборувал, и вистините што Тој ѝ ги кажал, ја увериле дека Тој ветениот Месија. Затоа Самарјанката побрзала во градот да им каже на другите. „Дојдете да Го видите Човекот, Кој ми кажа сѐ што сум направила!“, извикала таа. „Да не е Тој Христос?“

Нема сомнение дека весниците од овој град ја познавале оваа

жена; некои ја презирале поради лошиот глас што ја придружувал. Тогаш зошто побрзале кај изворот да го видат Исуса? Можеби веќе забележале промена кај неа. „Мнозина самарјани од градот поверуваа во Него по зборовите на жената“ и тие морале да видат лично за она што им го пренела таа (Јован 4).

На крајот од 66. псалм, поетот всушност ги повторува речиси истите зборови: „Дојдете и чујте вие сите кои се боите од Бога и ќе ви раскажам сѐ што направи Тој за душата моја!“ Ако навистина зрело размислиме, тоа е единственото нешто што сите можеме да го направиме. Никој не се грижи само за обично теолошко предавање или покажување со прст кон личниот морал – секој сака да види што е тоа што го променило вашиот живот. Ако сте вистински христијани, ќе сведочите за тоа што Бог го направил за вас. Бог го повикува секој маж, секоја жена, и млади и стари, исто како Самарјанката пред 2000 години: „Секој што пие од оваа вода, пак ќе ожедни; а кој пие од водата, што ќе му ја дадам Јас, нема никогаш да ожедни; таа во него ќе стане извор на вода што ќе тече во живот вечен“. Можеме да им сведочиме за вечниот живот на другите само ако самите сме пиеле од истиот извор. Затоа Бог нѐ повикува денес да дојдеме кај Него – единствениот и вистински извор на вечноста.

*Сабота, 3 август 2024*

### **5.** Дојди и слави го Бога

Драги браќа и сестри, сакам да ве поздравам утрово со прекрасен благослов од Светото писмо:

**Да те благослови Господ и да те чува! Да погледне кон тебе Господ со светлото Свое лице и да те помилува; да го сврти Господ кон тебе лицето Свое и да ти даде мир! (4. Мојсеева 6,25.26)**

Ставен во центарот на прописите за Израел, овој благослов не зборува за светост или за држење на Законот, туку за милостиво благословување; тоа требало да биде препознатлива карактерис-

тика на Израелците (4. Мојсеева 6,26/б).

Псалм 67 е продолжение на тој благослов. (Да го прочитате 67. псалм)

Меѓутоа, наместо да го ограничи на Израел, тој го повикува целиот свет да ја прифати Божјата милост. Кога сите народи ќе го слават Бога, земјата ќе ги даде сите свои плодови (стих 6).

Често погрешно го сметаме Стариот завет за книга која се занимава само со Израелците и со нивната положба како избран народ. Во целиот Стар завет присутна е Божјата порака наменета за сите луѓе. Преку Аврама, Бог ветил дека ќе ги благослови „сите народи на земјата“ (1. Мојсеева 12,3). Овој податок е особено истакнат во 67. псалм.

Да се придружиме на молитвата на поетот целиот свет да дојде и да го слави Бога!

(изберете заедничка песна во која ќе го славите Бога)

*Сабота, 10 август 2024*

**6. Бог нѐ заштитува и благословува**

Замислете да сте биле во друштво на Израелците кога излегле од Египет. Бог ве избавил од тешко ропство и сега ве води во нова земја. Му благодарите и го славите Бога!

Во меѓувреме, се јавува проблем: пред вас е морето, а фараонот ги испратил своите коли за да ве врати назад.

Тогаш Бог отвора пат преку морето. Вие стигнувате до брегот и кога ќе се свртите гледате како водите се затвораат над вашите гонители. Вие сте слободни!

Со векови подоцна, народот сѐ уште зборувал за тој настан кај Црвеното Море. Во 68-от псалм Давид уште еднаш опишува како Бог го водел својот народ, како постојано дејствувал во негова полза и му испраќал благослов за да има во секое време и облека и храна.

Псалм 68,9.10:

**„Изобилен дожд изли Ти, Боже, врз Твоето наследство, и кога тоа изнемоштуваше, Ти го поткрепуваше. Стадата Твои живеат на неа; во Својата добрина, Боже, Ти се погрижи и за сиромасите“.**

Ние денеска му служиме на истиот Бог и Тој постојано дејствува во наша полза. Ништо не е премногу тешко за Него и затоа можеме да Го следиме сигурни дека Тој ќе се погрижи за сите наши потреби, како што правел за Својот народ во минатото.

*Сабота, 17 август 2024*

## **7.** Сѐ уште има светлина

Во април 1822 година, Џејмс Монтгомери зборувал на една методистичка конференција. Сакал да заврши со песна која штотуку ја напишал, а која се базирала на 72. Псалм. Кога дошол до средината од неговата песна, снемало светлина. Настанал метеж. На тоа, проповедникот објавил: „Во нас сѐ уште има светлина!“ Тогаш немирот стивнал и Монтгомери продолжил да зборува.

Овој настан го прикажува нашето време. Дали понекогаш чувствувате дека ве обзема страв поради „мракот“ во современата култура? Денес, се чини дека многу христијани се повеќе обземени од страв отколку исполнети со вера. Смирете се! Сѐ уште има светлина. Бог сѐ уште живее во нашето срце и Неговата светлина блеска над мноштвото кое пипка во темнината. Бог сѐ уште цврсто држи сѐ во свои раце.

Денес мора да ја објавиме оваа вест за надежта и победата. Да дадеме завет пред Господа дека ќе бидеме Негова светлина. Да ги послушаме зборовите на пророкот Исаија, кој нѐ повикува денес да бидеме светлина.

(Прочитајте ги стиховите од Книгата на пророкот Исаија 60,1-3.22)

*Сабота, 24 август 2024*

## 8. Објавувај ја Вистината

Живееме во време на постмодернизам и релативизам. Она што е апсолутно, се става под знак прашање, и за многумина тоа дури и не е ни важно. Вистината за многумина е релативна категорија. Иако ова претставува знак за близината на Господовото доаѓање, сепак проблемот не е нов. Пилат уште пред многу години го поставил познатото прашање, запишано во Јован 18,38: „Што е вистина?“ Чудно е што тој го прашал токму Исуса Христос, кој е изворот на сета вистина и самата вистина. Во моментот кога се соочуваме со последните денови од светската историја, да се погрижиме, со помош на Светиот Дух, да го дознаеме одговорот на тоа прашање; и не само да знаеме што е вистина, туку и да го познаваме Исуса Христос, нашиот Господ. Тој рекол: „Јас Сум Патот, и Вистината, и Животот. Никој не доаѓа при Татко Ми, освен преку Мене“ (Јован 14,6).

Бог ја повикал нашата Црква да ја објавува оваа драгоцена вистина. Нам ни е кажано дека во „посебна смисла адвентистите на седмиот ден се испратени во светот како стражари и носители на светлината. Ним им е доверено објавувањето на последната опомена на светот кој пропаѓа. Нив ги осветлува чудесна светлина од страниците на Божјата реч. Ним им е доверено најсвечено дело – објавувањето на веста на Првиот, Вториот и Третиот ангел. Ниту едно друго дело не е поважно од ова. Тие не смеат да дозволат ништо друго да го окупира нивното внимание“ (Елена Вајт, Сведоштва 9, стр. 19).

Со помош на Божјата благодат, самите ние треба да стекнеме целосно разбирање на веста за вистината што ни е доверена да му ја објавиме на светот. Треба да го запознаеме Христа – Тој е Вистината. Сам Христос рекол: „И ќе ја познаете вистината, и вистината ќе ве ослободи“ (Јован 8,32). Каква предност е да го познаваме нашиот Господ, да ја познаваме вистината и да го чекаме Второто доаѓање на нашиот прекрасен Пријател и Спасител, Исуса Христа, кој нè обединува во сведочењето за вистината!

*Сабота, 31 август 2024*

## 9. Обединети во Христа

Пред да се предаде себеси на жртва, Исус му се молел на својот Татко: „За да бидат сите едно; како што си Ти, Татко, во Мене, и Јас во Тебе, така и тие да бидат едно во Нас, за да верува светот дека Ти Ме испрати" (Јован 17,20.21). Бог имал намера да го обнови хармоничниот однос меѓу него и неговите созданија. Павле пишува: „Зашто Тој е нашиот мир, Кој од двете направи едно, и го разурна преградниот ѕид, што ги делеше, и во Своето тело го уништи непријателството и законот со неговите заповеди и одредби, и создавајќи мир, од двата да создаде во Себе еден нов човек" (Ефесјаните 2,14-15). Христос сака да ги сруши човечките бариери кои нè одвојуваат од Него и едни од други.

На денот Педесетница, кога се проповедало евангелието, исчезнале сите јазични бариери и на луѓето им било овозможено да ја слушнат и да ја разберат радосната вест (Дела 2,7-11). Во домот на Корнелиј, Петар ја разбрал Божјата намера да ги отстрани расните и општествените бариери: „Вистина гледам дека Бог не гледа на лице, туку Нему Му е мил во секој народ оној, кој се бои од Него и кој прави правда" (Дела 10,34.35). И на крајот, Павле нагласува: „Зашто сите, кои се крстивте во Христа, се облековте со Христа. Нема веќе ни Јудеец ни Грк, нема веќе ни роб ни слободен, нема веќе ни машко ни женско, зашто вие сите сте едно во Христа Исуса" (Галатјаните 3,27.28). Единството меѓу верниците е најголемиот доказ за преобразувачката сила на Исусовата вистина. Единството на Божјиот народ му покажува на светот дека Исусовата служба е навистина од Бога (Јован 17,21).

При своето Второ Доаѓање, Исус сака да најде обединет народ полн со љубов, кој му ја објавувал Неговата вистина на целиот свет и го довршил делото што му била доверена.

Моја молитва е тогаш да ни бидат упатени Неговите зборови: „'Добро, сакан и верен слуго! … влези во радоста на својот господар!" (Матеј 25,21)

*Сабота, 7 септември 2024*

## 10. Да живееме за Бога

Во една од нашите цркви, обична стаклена врата го делеше местото на богослужба од предворјето. Еден верник, не гледајќи го стаклото што го одвојувала од просторијата во којашто сакал да влезе, удрил во него и делчиња од стаклената преграда се расфрлиле на сите страни.

Животот би бил многу поедноставен кога сѐ би било онака како што изгледа. Она што го гледаме често не ја одразува реалноста, скриените фактори ги одредуваат настаните и однесувањето. Како тогаш можеме да ги препознаеме подлабоките димензии на животот?

Животот е борба меѓу доброто и злото, постојана тема на безброј филмови и видеа што забавната индустрија ги пласира на пазарот. Можеме да сонуваме каков живот сакаме да си обезбедиме за себе, за нашето семејство, за нашата заедница, но често остануваме беспомошни пред нападите и притисоците на злото. Тоа ги раскинува врските на заедништвото, сее недоверба, го уништува мирот, нанесува болка, тага и смрт; нѐ држи во состојба на страдање и грев.

Како да најдеме излез од таа положба? Одговорот се наоѓа во зборовите на Павле: „Словото на вистината – Евангелието за вашето спасение“ (Ефесјаните 1,13).

Евангелието опишува постојан духовен судир, судир меѓу Бога и еден непријател кому Библијата му дава многу имиња, на пример: сатана, змија, змев, бог на овој свет. Воден од завист и гордост, негова главна цел е да го заземе Божјото место.

Намерата на непријателот е јасно прикажана во извештајот за искушувањето на Исуса во пустината: Сатаната сака да го обожаваме него наместо на Бога (Матеј 4,8-10). Тој го обвинува Бог дека не е достоен за доверба и го негира Божјето право на универзално обожавање. Тоа фрла сомнеж врз божествената вистина, го напаѓа Неговото Слово, Неговиот закон, Неговиот народ. Книга-

та „Големата борба“ од Елена Г. Вајт дава историски преглед на тоа како нападите на сатаната врз Бога и Неговата вистина влијаеле врз историјата на човечкиот род и на Црквата Христова.

Токму поради овој судир, животот нѐ става пред изборот дали сакаме да живееме за Бога или за Неговиот непријател. Бидејќи адвентистите се определени за Бога, нив ги обединува познавањето на Божјата вистина. Ние не се трудиме само да ја спознаеме Божјата вистина, туку и да растеме во познавањето на вистината. И ние се собравме овде денес затоа што сме обединети и поврзани со познавањето на Божјата вистина и сакаме да растеме во неа. Затоа, да го искористиме секој момент од овој свет ден за подобро да ја запознаеме и да го прославиме Оној кој ни ја подарил.

*Сабота, 14 септември 2024*

## 11. Полни со благодарност

Еден ден Исус одел по границата меѓу Јудеја и Самарија. „Кога влегуваше во едно село, Го сретнаа десет лепрозни и застанаа подалеку, па со силен глас повикаа: ’Исусе Учителе, смилувај се!‘ Штом ги виде, им рече: ’Отидете и покажете им се на свештениците!‘ И тие, уште додека одеа, се очистија. А еден од нив, кога виде дека е излекуван, се врати и Го прослави Бога гласно; и падна ничкум пред нозете Негови, благодарејќи Му. А тој беше Самарјанин. Исус, пак, одговори и рече: ’Зар не се излекуваа десетмина? Каде се другите девет? Зарем не се најдоа да се вратат и другите и да Му воздадат слава на Бога, туку само овој туѓинец?‘“ (Лука 17,12-18).

Важно е да забележиме дека сите десет лепрозни извикувале и го молеле Исуса да им помогне. На границите на незнабожечките земји, оваа мешана група општествени отфрлени го стигнала Исуса и Го молела да ги исцели. Исус одговорил на нивното барање и им го вратил здравјето. Но Библијата вели дека „А еден од нив, кога виде дека е излекуван, се врати и Го прослави Бога гласно“.

Уште една важна поука од оваа сторија е дека само еден лепрозен „видел“ дека е излечен. Зар другите не можеле да не го видат чудесниот начин на кој лепрата го напуштила нивното тело? Сигурно виделе. Зборот употребен во овој извештај значи многу повеќе од обично набљудување, тоа значи перцепција. Зборот сугерира дека лепрозниот го разбрал значењето на чудото. Кога лепрозниот разбрал што навистина му се случило, се исполнил со благодарност. Другите девет можеби го виделе, но не размислувале доволно долго за чудото. Еден лепрозен се вратил лично и му се заблагодарил на својот Лекар со прославување кое било гласно и јасно. Значајното прашање што го поставил Исус е: „Каде се другите девет?“

Елена Вајт, во *Копнежот на вековите*, вели: „Тој ги дал сите небесни богатства да ги откупи, па сепак се рамнодушни кон неговата голема љубов“ (стр. 293 ориг.). Можеби Спасителот и денес ни го поставува истото прашање. Каде се верниците? Каде се луѓето кои доаѓаат со срце полно со благодарност? Каде се луѓето кои се толку длабоко трогнати од Божјата милост на Голгота што откупувањето им е единствената тема за која вреди да се размислува и разговара? Каде се оние чии животи се променети со вистината на Евангелието?

Дали и јас и ти сме такви верници? Дали дојдовме во Божјиот дом исполнети со благодарност? Ако е така, ајде да Му пееме пофална песна, песна што доаѓа од срце кое разбира што Бог направил за него.

*Сабота, 21 септември 2024*

## 12. Тајната на среќата

Јероним, познатиот преведувач на Библијата, ја започнал својата служба во малиот град Витлеем, речиси четири века по времето кога Исус одел во него и четиринаесет века по раѓањето на царот Давид. На Јероним му биле потребни дваесет и три го-

дини за да го заврши преводот на Библијата од грчки и еврејски на латински, со што го исполнил својот сон „да им го обезбеди скриеното богатство на своите латински читатели“. Неговиот превод, Вулгата, со векови бил ценет и се користел како официјален латински превод.

Јероним ја сакал целата Библија, но особено уживал во Псалмите. Неговиот омилен текст бил Псалм 1,2: „Туку му омилел Законот Господов и за Законот Негов дење и ноќе грижливо размислува“. Јероним, како и псалмистот, знаел дека времето поминато со Божјата реч е клучот за радосен живот.

Додека стоел на брегот на Јордан, подготвен да го поведе израелскиот народ во Ветената земја, Исус Навин добил слична порака: „Да не се одделува од устата твоја оваа книга на законот; туку поучувај се од неа дење и ноќе, за да разбереш како ќе го извршуваш сѐ она, што е напишано во неа; зашто тогаш ти ќе имаш успех во твоите патишта и умно ќе постапуваш“ (Исус Навин 1,8).

Ако сакате да бидете среќни, ако навистина сакате да бидете успешни, проучувањето на Божјата реч нека ви биде на прво место. Слично на читателите на Јероним, ќе откриете дека Божјата реч е полна со скриени богатства кои чекаат да бидат откриени. Верувам дека и ова утро во рамките на Саботната школа ќе откриеме нови богатства од Неговата реч.

*Сабота, 28 септември 2024*

## 13. Нашата надеж

За царот Езекија и за жителите во Ерусалим околностите биле мошне лоши. Северното израелско царство паднало пред асирската инвазија и сега претставникот на асирскиот цар застанал пред ерусалимските ѕидишта, барајќи Езекија да се предаде. Држејќи се со вера во Бога, Еезекија го одбил барањето.

„„Каква е таа надеж во која се надеваш?“, се потсмевал Асирецот. „Мислиш ли дека празните зборови веќе се совет и сила за

војна?“ Потоа се запрашал дали Езекија чека Египќаните да го спасат? Ако се потпира на Египет, го предупредил тој, ќе доживее потпирање на скршена трска која пробива и продира во дланката на оној што се потпира на неа (2. Царевите 18,18-21). Потоа го повикал народот да се предаде и се заканил со опсада доколку го одбие тоа барање. На крајот дури тврдел дека е Божја волја тие да се предадат.

Меѓутоа, Езекија останал цврст и непоколеблив во својата вера. Наместо веднаш да одговори на асирската закана, тој се молел. Бог ветил избавување и следната ноќ сто и осумдесет и пет илјади асирски војници умреле во сон. Преживеаните брзо се вратиле во своите домови.

Езекија се однесувал слично како Давид во тешки ситуации. Можеби дури и го читал Псалм 56 за охрабрување. На кого се потпирал Езекија? Тој не се потпирал на трска што може да се скрши, туку на Бога да го води.

Во оваа посебна сабота, дојдовме во Божјиот дом со благодарност за Неговата грижа и водство во претходното тримесечје и со молитва да нè води во времето што е пред нас. Иднината е неизвесна, но додека денес го обновуваме нашиот завет со Господа, ние потврдуваме дека се потпираме само на Него.

**Градиво за саботна школа**

**Уводни стихови**

3/2024

**Излегува тримесечно:**

**Издава:**

Одделение за саботна школа

Христијанска адвентистичка црква во

Р. Македонија

**Превод и техничка обраотка:**

Мелита Томовска

**Одговара:**

Томе Трајков

**За интерна употреба**